## НАМЕНА НА ЃУБРИВОТО

Течно минерално ѓубриво за примена преку системот за микронаводнување (капка по капка и микродождење) и со фолијарна апликација.

## ПРИМЕНА И ЕФЕКТИ ОД ПРИМЕНАТА

Амониум нитрат 50% е течно минерално азотно ѓубриво во коешто азотот се наоѓа во амонијачна и нитратна форма, со што се овозможува избалансирана исхрана на растенијата. Амониум нитрат 50% може да најде широка примена во земјоделското производство (градинарство, овоштарство, лозарство, полјоделство), во сите фази на раст и развиток на земјоделските култури, а особено се препорачува во фазата на вегетативен пораст и во фазата на цветање и на почетно плодоносење.

Амониум нитрат 50% се препорачува за почви со голем дефицит на азот, а со добро обезбедени други макрохранливи елементи. Поради својата единечна формулација многу лесно може да се комбинира со други поединечни или сложени ѓубрива.

Како резултат на апликацијата на Амониум нитрат 50% растенијата правилно се развиваат, формираат квалитетна вегетативна маса, односно даваат стабилни и квалитетни приноси. Се препорачува Амониум нитрат 50% да се аплицира преку системот капка по капка, а може да се применува и со микродождење, фолијарна апликација или со полевање. Може да се комбинира преку системот за микронаводнување и фолијарно.

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

**Преку систем капка по капка и со полевање**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање l/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Цветање и почетно плодоносење | 6 апликации на 4-5 дена | 8 l ѓубриво со најмалку 4000 l вода |
| Полјоделски култури | Почеток на вегетацијата или формирање на плодови | 3-4 апликации | 6 l ѓубриво со најмалку 3000-4000 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Заврзување и пораст на плод-зрно* | 4 апликации на 6 дена | 8 l ѓубриво со најмалку 4500 l вода |

*Во оваа фаза фертиригацијата може да започне доколку дозволуваат условите на терен (сува пролет и обезбедување вода за наводнување).

**Фолијарна апликација**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање ml/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Цветање и почетно плодоносење | 1-2 апликации на 15-20 дена | 250 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Полјоделски култури | Почеток на вегетацијата или формирање на плодови | 2-3 апликации | 500 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Цветање и пораст на плод-зрно | 1-2 апликации на 15-20 дена | 250 ml ѓубриво со 100 l вода |

Ефектот од фолијарната апликација е подобар во раните утрински или во вечерните часови.

**НАПОМЕНА**
Амониум нитрат 50% може да се употребува поединечно или во комбинација со многу други ѓубрива, но не се препорачува да се меша со калциум амониум нитрат или со раствори подготвени од калциум нитрат. Не смее да се меша со бордовска чорба и со други силини алкални и кисели средства. При комбинација со пестициди се препорачува да се прочита упатството за аплицирање на пестицидот или за активната материја на пестицидот.

**СКЛАДИРАЊЕ**
На температура повисока од +10°C.

**РОК НА УПОТРЕБА**
5 години.

| СОСТАВ | |
|---|---|
| Вкупен азот (N) | (17,5 ± 0,7) % |
| $NH_4NO_3$ | (50,0 ± 2,0) % |